Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-18/2
12.5.2025, Скопје

За потребите на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III EIDHR – EU-NDICI-THE-NEAR), врз основа на договор за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права 2024/461-234 од 26.11.2024 година, проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 4/2025
за набавка на услуги за користење на сала за состаноци

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III EIDHR – EU-NDICI-THE-NEAR), има потреба од **набавка на услуги за користење на сала за состаноци на Националното координативно тело за административна социјална правда,** која ќе биде неопходна за успешно реализирање на проектните активности.

   Набавката не е делива и проектот е ослободен од ДДВ.

2. Опис на услугата:

   2.1. Добавувачот треба да располага со соодветна просторија за одржување на состанок со **15 учесници**. Во рамки на проектот, ќе се одржат **вкупно четири состаноци** од кои два ќе бидат одржани до крајот на декември 2025 година, а другите два состаноци ќе бидат одржани во текот на 2026 година.

   Првиот состанок ќе се одржи на **11 јуни ИЛИ 12 јуни 2025 година** во период од 12:00 до 14:00 часот**. Датумот е флексибилен и точниот датум за одржување на обуката ќе биде одреден во согласност со слободните термини на добавувачот.**

   Прелиминарна временска рамка за одржување на останатите три состаноци:

Состанок	Временски период
Втор состанок	октомври/ноември 2025
Трет состанок	април/мај 2026
Четврт состанок	октомври/ноември 2026

   Датумите за одржување на останатите состаноците ќе бидат договарани дополнително со добавувачот.

   Во техничката понуда потребно е да се даде опис на просторијата (за колку лица, дали е опремена со проектор, платно, табла, загревање/ладење, итн.).
   Цената треба да се однесува на изнајмување сала по ден.

Ве молиме да ни доставите понуда за користење на сала и други услуги која треба да ги исполнува следниве услови:

- Големина на сала: капацитет до 15 учесници со седење во П форма.
- Достапност на интернет

2.2. За учесниците треба да се обезбеди **вода** за време на состаноците.
Цената треба да се однесува на мало шише вода (негазирана вода, до 0.5 литри).

2.3. За учесниците треба да се обезбеди **кафе и освежување** пред почеток на состаноците. Во техничката понуда да се наведе што вклучува освежувањето (најмалку треба да содржи вода, кафе, чај и ситни колачи).
Цената треба да биде за една кафе-пауза по лице.

3. Набавката ќе се реализира од страна на добавувач со искуство во испорака на ваков тип на услуги. ИЧП ќе склучи договор со избраниот понудувач за реализација на активностите наведени во оваа покана.

4. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да содржи техничка и финансиска понуда.

Техничкиот дел на понудата треба да се состои од:

- Опис на салата (големина на салата, достапност на интернет, техничка опрема вклучена во цената, греење/ладење, итн.);
- Спецификација на кафе паузата.

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

Ставка	Опис на производ/услуга	Количина	Единечна цена без ДДВ (во МКД)
1.	Изнајмување на сала по ден	1	
2.	Шише негазирана вода до 0.5 литри	1	
3.	Кафе-пауза по лице	1	
ВКУПНО			

Изборот на добавувачот ќе се изврши по пат на евалуација на финансиската понуда. Договор ќе се склучи со добавувачот чија понуда:
а) Е соодветна, прифатлива и ги исполнува техничките барања наведени во член 2 од оваа Покана; и
б) Ќе освои најголем број на поени согласно следниве критериуми:

- Финансиска понуда: 100%

Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понудите е следната:

Финансиска евалуација	Максимум можни бодови
Цена	100
Вкупно бодови	**100**

За финансиската евалуација ќе се земат предвид само кандидатите кои ги задоволуваат сите технички барања на набавката 4/2025.

За одредување на бодовите на финансиската понуда ќе се користи следнава формула:
број на бодови = (најниска понудена цена x максимален број на бодови) / цена на понудата

5. Услови и начин на плаќање

Проектот е ослободен од ДДВ, а добавувачот ќе добие соодветни документи за изработка на фактура без ДДВ. Плаќањето ќе биде извршено по потпишување на договорот и доставување на фактура во рок од 30 дена по секој одржан состанок. Точниот износ на фактурата ќе се пресмета врз основа на точниот број на води и кафе-освежувања

6. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **19.5.2025 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk. најдоцна до **16.5.2025 година.**

Друштво на граѓани Институт за човекови права Скопје

Весна Стефановска,
Институт за човекови права